

*Трето поглавје од книгата „Духопридвижна труба“ на Старец Јосиф*

# ТРЕТИОТ ЗВУК НА ТРУБАТА

## кој го носи образот на Света Троица и кој ни објавува

### КАКО ДА СЕ БОРИМЕ СО СУЕТНИТЕ ПОМИСЛИ

Во претходната глава ја претставивме умствената беседа со Бога, а исто така напомнавме за што е умесно да размислуваме. А сега, откако пораснавме духовно и притоа од Господ добивме помошно оружје, ние, коишто добро се подвизувавме во борбата против непријателот кога тој го напаѓаше нашето тело, и кога во најразлични борби стекнавме големо искуство, во истиот миг ќе го вооружиме и умот против неговите противници. Тогаш, ако непријателот нападне преку мечтаења, умот веднаш ќе ги одбие неговите фантазии и нема да ползи како порано и да се храни со прав, слично на змија, туку, како орел што лета високо, ќе се вивне со помош на божествени мисли. И така, откако се научивме и на тоа, да ја започнеме војната со мајката на сите зла, суетата, тој смртоносен вирус кој, како некаква туберкулоза, го погубува плодот на монахот!

Бидејќи премудрата Божествена сила благоволила да се искачуваме скалило по скалило по умствената лествица на богопознанието, и ако при искачувањето ја надвладееме и ја собориме суетата, тогаш Пресладкиот Подател на венците ќе нè овенча со просветлување и Неговата Божествена благодат ќе слезе на нас. И така, продолжувајќи го нашето слово, да се возвишиме умствено за да се издигнеме кон повисокото; ти, пак, возљубен читателу, слушај го со внимание ова Божествено поучување, за да ти биде од полза. А еве што треба тука да кажеме. Ако милостивиот Господ, приклонувајќи се кон нашите младешки молби, го посети со Својата утешителна благодат оној што се наоѓа во темнината на незнаењето, ако малку ја расее темнината на страстите којашто нè помрачува, пренесувајќи ни ја Својата безгранична желба за нашето спасение, немој да помислиш дека веќе си безбеден, и дека веќе не ти е потребна претпазливост! Туку знај, бидејќи си бил сиромав, дека си посакувал богатство.

А сега, кога си се збогатил, мораш многу да стравуваш за да не бидеш ограбен. Зашто, ако умот, којшто го дава богатството, ненадејно заспие, а мислата, откако ќе се помрачи, го предаде оружјето на најлошото униние, неочекувано ќе те снајде несреќа и ќе те нападнат разбојници, коишто одненадеж ќе се појават, ќе ти ја ограбат ризницата така што повторно ќе останеш без ништо.

Сега слушни во што е смислата на споредбата со разбојници. Кога се молиш и кога беседиш со Бога, радувајќи ѝ се на сладоста на молитвата, така што душата ти е преисполнета со радост, наеднаш суетата, што приоѓа како разбојник, почнува да му се обраќа на твојот ум, говорејќи тајно, како што некогаш на Ева ѝ говорела змијата: „Ти веќе си ја добил благодатта, веќе си ја достигнал мерата на светиите. Понатаму ќе имаш радост и мир. Повеќе нема потреба од страв, скрб и воздишки!" А ти одговори ѝ на таа итра вештерка - на суетата - како разумен маж, со зборови на противење и уништувај ја нејзината злоба со мудар збор, мислејќи си притоа за она што го рекол апостолот Павле: „Што имаш, што не си добил? А штом си примил, зошто се ФАЛИШ, како да не си примил?" (1 Коринтјаните 4, 7). За истото ни говори и еден од отците: „Ако си направил нешто без движење на своето тело, тоа ќе биде твое, зашто нашето тело е Божја творба! Истото се однесува и на умот. Ако си помислил нешто без движење на умот, тоа е лично твое! Зашто, и умот наш е творба Божја!"



Но бегај, ѓаволу лукав, непријателу на нашиот род. Зашто, дури и да биде удостоено моето ниско устројство да се издигне до третото небо, како што се издигнал светиот апостол Павле, тоа воопшто нема да биде по мои заслуги! Еве што воскликнува овој наш божествен и првоврховен учител: „(И знам дека тој човек) ... беше грабнат и однесен во рајот, и дека чул неискажливи зборови" (2 Коринтјаните 12, 4).

И така, ти ја разбираш смислата на зборовите на апостолот. Помисли си и за смислата на она што се случило со него. Зашто тоа што се случува независно од нашата волја, нема ништо заедничко ниту со нашите сопствени сили. Но кога апостолот го посетила Божествената благодат, умот и телото се промениле, така што и самиот тој не знаел како дејствува Оној Кој го грабнал, зашто Тој сѐ прави натприродно! Така Божествениот маж со својата Божествена проповед го спасувал светот, поучувајќи нѐ да немаме високо мислење за својата сила.

Така, тој на многу места подвлекува: „Не со своја сила го правам тоа, туку со силата на Христос, којашто ДЕЈСТВУВА во мене!" (сп. Колосјаните 1, 29). Ја гледаш ли вистината и расудувањето во неговите зборови, пријателу мој, читателу? Знај го и тоа дека во сето она што ти го правиш со сопствена сила, нема ништо добро што не е од Бога, и нема ништо лукаво што не е од ѓаволот. Затоа одговарај ѝ разумно на таа зла гордост, собори го незнаењето на својот ум, и вака кажувај: „Да можам да се издигнам на Небесата, да ги видам ангелите и да разговарам со Преслаткиот Спасител мој Исус Христос, тогаш извршеното од мене би било мое. А сега - тоа воопшто не е мое!"

Размисли и за следново: Ако Цар, Кој седи на престолот, посака да земе нечиста, каллива тиња, и да ја приближи до Себе, да ја постави напоредно со Самиот Себе, кој може да Му го забрани тоа? Но, заради тоа што Царот го сторил тоа што Нему Му било угодно, може ли таа грутка кал којашто седи, како што беше речено, покрај Царот, да се самовеличa затоа што седи напоредно со Владиката? Или, пак, треба да се восхитува на таквото снисходење и на штедрата Благост на Владиката, Кој не ја отфрлил таа нечистотија, не се гнасел од неа, туку благоволил да ја приближи до Самиот Себе?

Кажаното навистина е достојно за восхит, и неговата смисла ме поттикнува на големо созерцување. Зашто, калта е удостоена со таква чест и прима такви дарови што нејзе - слепа за мисла - Владиката ѝ дарува да може да гледа; нејзе, којашто се валка во страсти, ослабната, Тој ја зајакнува со врските на добродетелите и ја исправа; нејзе, неразбирлива и нема, неспособна да се моли троично - во единствено расположение на душата - СО УМОТ, СО СРЦЕТО И СО СЛОВОТО - Спасителот ја исцелува со просветлување и со духовно знаење!

И така, ако Христос нѐ дарил со такви првенства и ако САКАЊЕТО и ДЕЈСТВУВАЊЕТО Му припаѓаат на нашиот Спасител (Филипјаните 2, 13), како е можно ние, неблагодарните, да се гордееме? Зашто Тој, како што посакал, така и направил кога нѐ возвисил! А ако посака, повторно ќе нѐ собори во тињата, којашто ни е својствена по природа и од која Тој нѐ извлекол. И така, издигањето е дар на Божествената волја, и стоењето, повторно, е пројавување на истата таа Божествена сила, како што и промената и фрлањето во претходната состојба е испитување испратено од истиот Божествен разум заради наше исправање. Затоа ние нужно мора да Му благодариме на Бога за сѐ што се случува и да не очајуваме поради настанатата промена, туку вака да велиме: „О, Милосрден и Човекољубив Спасителу мој, јас сум достоен за секакво изма-чување зашто, како син на пеколот, не жалам што сум ги извршил неговите дела и што и понатаму продолжувам да ги вршам.
А Ти Самиот, Христе мој и Боже, според Својата волја си благоволил да се издигнам до Небесата, и повторно Сам, според Своја волја, ме фрлаш во адот. Нека ми биде според Твојата света волја!"

Само ако Бог нè остави поради нашите гревови и ако се закоравиме во гревот и Го разгневиме Бога - само тогаш треба да очајуваме. Но, не треба да очајуваме заради падот, туку затоа што сме Го натажиле Бога како одговор на Неговата љубов, којашто Преслаткиот Исус ни ја дарувал. Ние, пак, наместо благодарност, повторно го напоивме со жолчка на неблагодарност. И повторно, откако сме го натопиле сунѓерот со оцет, сме Му го принесле на Распнатиот!

Но Тој повторно ни простува - доволно е да ги рашириме крилјата на надежта и да покажеме дека го возобновуваме покајанието, а не да седиме во темнината на очајувањето. Зашто Тој може повторно да ги спаси оние што Му се обраќаат во покајание. И повторно Спасителот ги протега рацете кон нас, повторно Христос копнее по нас и со душевна болка го бара заблудениот. Повторно ги крева Своите Божествени раце и повикува: „Биди храбар! Ти нема да умреш, зашто го слушна гласот на петелот и, откако се исправи по својот пад, горко заплака (в. Лука 22, 62). Ете, ти се натажи заради Мене, и Јас веќе не се гневам на тебе!“

И ако ти, како што рековме, без да згрешиш во ништо, си ја доживеал промената, биди смел и радувај се, зашто си станал искусен благодарение на стекнатото искуство. Со врела надеж стреми се напред, подвизувајќи се како оној што има знаење и вера, зашто ќе станеш наследник на вечните блага, како што и тебе самиот ти е познато. Принудувај се себеси кон поголемо смирение!

И повторно, кога тој демон, таа суета полна со зло, ти вели дека си над другите монаси, одговори вака: „Бегај, лажлив и итар ѓаволу, зашто, да сакал Господ да ја излее Својата благодат на сите луѓе, сите ние би биле еднакви. А што значи гревот на мојот брат?“ Како може да биде виновен оној во кого што ја нема благодатта, а и да ја има, ја има малку? Но зарем не си го слушнал гласот на Господа, кога говори дека Тој ја украсил словесната природа со Божествени дарови, давајќи му на еден пет таланти, на друг два?
Тоа било наречено делење таланти, а се имало предвид штедрото наградување со духовни дарби! Но и третиот, кој бил негрижлив за сè што е Божествено и свето, Тој не го лишил од дарови, за тој да не Го обвини за неправедност. Но тоа што го дал, го зел назад, зашто тој се покажал недостоен. Зашто, Бог нема да влезе во неразумно срце, а дури и да влезе, бргу излегува. А другите двајца кои, како што рековме, кон дарбите придодале трудољубивост, се стекнале со блаженство, зашто се покажале достојни за доверба, и станале чувари на Божествените тајни. Зашто, и двајцата слушнале: „Влези во радоста на својот Господар“ (Матеј 25, 23) и не добиле никаков укор заради нееднаквоста на тоа што го принеле, зашто Тој и не им разделил подеднакво. Но, знаејќи ја можноста на секој од нив, Тој се задоволува дури и со удвојување на даденото (в. Матеј 25, 22).

И така, ако ти, којшто си го возљубил безмолвието, си добил поголем дар од Бога, очекувај дека од тебе многу и се бара, сообразно со Божественото дарување. И внимавај да не го осудуваш оној што е послаб од тебе, во спротивно ќе испадне дека ти, поради своето незнаење, се бориш со Господа. Зашто оној што добил повеќе, не смее да го понижува оној што нема, а оној што добил помалку не треба да очајува и да тагува поради тоа што не е еднаков со другите. Оној во кого има повеќе благодат, е ДОЛЖЕН да го поддржува ближниот, со зборови и со личен пример да ги исцелува сите негови слабости, телесни и душевни, поучувајќи го разумно на духовните закони, сè до оној миг кога и тој ќе го удвои талантот, или, поточно, кога ќе се спушти зрак на просветлување и ќе и ги отвори очите на неговата душа, и тој, знаејќи ја својата слабост, без премислување ќе му се потчини на својот наставник.

Такви се, брате, наградите за умственото дејствување, и таков е неговиот плод. Скроти ја плотта, возбудена од младоста, и смири ги нејзините помисли. Соодветно истенчи го својот ум со бдение, преокупирајќи ги мислите со божествени нешта, за да слезе врз тебе силата на Утешителот и да нè научи да го бараме Горното и да размислуваме за Горното, како што им доликува на небесните чеда на Севишниот!

„Нека биде, Господи, нека биде! Во овој свет помилуј, а во оној направи нè нетлени, за да Ти служиме во вековите на бесконечната вечност. Амин.“

од бугарски: д-р Драган Михајловиќ

